РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-381/4
16-10-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 9-та седница одржана на 09.10.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот заведен под број 09-381/1 од 24.01.2024 година против лицето ______________, член на ________________ и _______________, **СЕ ЗАПИРА.**
По утврдување на фактичката состојба, ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи лицето ____________ не извршувал две функции во исто време, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-381/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.
Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето _______________ со бр. 09-2722/1 од 25.05.2023 година и проверка во Централниот регистар на РСМ, ДКСК утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата ________________________ во исто време ја врши и функцијата __________________, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето ____________, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-381/2 од 06.02.2024 година со цел добивање на информации дали истото лице се уште е член на _____________ и _______________.

Врз основа на доставеното Известување бр. 09-381/3 од 20.02.2024 година од страна на ______________ ДКСК констатира дека истиот повеќе не ја извршува функцијата _________________________ односно со акт – Одлука за престанок на мандат бр.08-452/4 од 12,05.2023 престанат му е мандатот на оваа функција.

Лицето _________ сеуште ја извршува функцијата и ____________ од 25.04.2023 година, именуван со Решение од Владата на РСМ бр. 15-4393/1.

По утврдување на фактичката состојба, ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи лицето Ферди Шабани не извршувал две функции во исто време, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: З.Б - член на ДКСК